Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 март 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јованка Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања м-р Бојан Маричиќ, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

1. Владата заклучи Заклучокот под реден број еден, Точка 76 (Прашања и предлози) од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2022 година, донесен по Предлог - антикризни мерки за рационализација на трошоците во јавниот сектор кој гласи: „Се задолжуваат сите буџетски корисници и единки корисници да ги намалат расходите за стоки и услуги за 10% (не вклучувајќи ги расходите за електрична енергија согласно постојните договори со снабдувачите) и да достават соодветен предлог за рационализација на трошоците до Министерството за финансии најдоцна до 21 март 2022 година." да се измени и да гласи: „Се задолжуваат сите буџетски корисници и единки корисници (освен Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија) да ги намалат расходите за стоки и услуги за 10% (не вклучувајќи ги расходите за електрична енергија согласно постојните договори со снабдувачите) и да доставаат соодветен предлог за рационализација на трошоците до Министерството за финансии, најдоцна до 21 март 2022 година.

2. Владата заклучи Заклучокот под реден број 1., по Точка 8, од Десеттата затворена седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2022 година, со кој се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства во износ од 120 милиони денари за реализација на задолжението на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за организирање и обезбедување на хотелско сместување на лица од Украина во соодветен објект, како и за организирање и обезбедување на користење на дополнителни услуги и простории во кои лицата ќе може слободно да вршат активности заради нивно непречено и целосно функционирање за време на престојот во Република Северна Македонија, да се измени и да гласи:

„1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија финансиските средства во висина од 120 милиони денари потребни за организирање и обезбедување на хотелско сместување во соодветен објект, како и за организирање и обезбедување на користење на дополнителни услуги и простории во кои лицата ќе може слободно да вршат активности заради нивно непречено и целосно функционирање за време на престојот во Република Северна Македонија, да ги обезбеди по пат на прераспределба на средства во рамките на одобрениот Буџет за 2022 година.

3. Владата заклучи:
- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 22 март 2022 година (вторник), да подготви и до Владата да достави Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството, дополнета со нови интервентни мерки, која претходно да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика, Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Зихра Мемети, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12.05 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тахир Хани**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**